# ОГЛАС ЗА УЧЕСТВО НА ФИЛМСКА РАБОТИЛНИЦА

Фестивал на медитеранскиот филм „Преку езерото" – Дојран, 07–12 август 2025

Фестивалот на медитеранскиот филм „Преку езерото" со задоволство објавува отворен повик за учество на работилницата за развој на сценарио на дипломски или дебитантски кусометражен игран филм, што ќе се одржи од 07 до 12 август 2025 година во Дојран.

🔹 Траење на работилницата: 5 дена
🔹 Фокус: Развој на сценарио за дипломски и дебитантски игран филм
🔹 Награда: Избраните проекти ќе добијат грант во опрема, продукција и материјални средства за реализација на нивните филмови.

👤 ***КОИ МОЖАТ ДА СЕ ПРИЈАВАТ?***

- Студенти или дипломирани режисери, сценаристи и продуценти од универзитетите за филм во Македонија.
- Пожелно е проектите да бидат пријавени од тим составен од сценарист, режисер и продуцент, кои заеднички ќе го презентираат и развиваат проектот на работилницата.

🏕 ***ШТО ОБЕЗБЕДУВА ФЕСТИВАЛОТ?***

- Покриени трошоци за престој и учество на избраните учесници.
- Менторства и сесии со искусни професионалци од филмската индустрија.
- Можност за вмрежување, презентација и поддршка за реализација на филмот.

📩 ***ПРИЈАВУВАЊЕ***

**Потребно е да испратите:**

1. Синопсис (до 1 страница)
2. Разработено сценарио или treatment (макс. 5 стр.)
3. Биографии на тимот (режисер, сценарист, продуцент)
4. Мотивациско писмо
5. Контакт податоци

📅 Краен рок за пријавување: 20.07.2025
📧 Испратете ги пријавите на: info@acrossthelakefilmfestival.org

📍 ***Локација:***
Дојран – магичното срце на југот, каде младите филмски гласови го почнуваат својот пат.

Преку езерото. Преку идејата. До филмот.